# ЗАКОН ЗА ЛОВСТВОТО

**Сл. Весник на Р.Македонија 20/96 од 25.04.1996 година**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредува одгледувањето, размножувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот (ловство).

**Член 2**

Дивеч, во смисла на овој закон, се одредени видови на животни и птици кои живеат слободно во природата или во оградени површини, во кон интензивно се одгледуваат, размножуваат, заштитуваат и ловат.

**Член 3**

Дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој и со друг закон.

**Член 4**

Под дивеч, во смисла на овој закон, се подразбираат следниве видови животни и птици:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | обичен елен | (Цервус елапхус) |
| 2. | елен лопатар | (Дама дама Л) |
| 3. | срна | (Цапреолуц цапреолус Л) |
| 4. | Дивокоза | (Рупицапра рупицапра Л) |
| 5. | Муфлон | (Овис мусимон Сцхреб.) |
| 6. | Мечка | (Урсус арцтос Л ) |
| 7. | дива свиња | (Сус сцрофа Л ) |
| 8. | див зајак | (Лепус еуропаеус Палл) |
| 9. | Верверица | (Сциурис вулгарис Л) |
| 10. | бизамски глушец | (Фибер Зибетхицус Л) |
| 11. | Полжав | (Глис глис Л) |
| 12. | Стоболка | (Цителус цителлус Л) |
| 13. | еж | (Еринацеус еуропаеус |

| | | |
|---|---|---|
| | | романицус Барр ) |
| 14. | Рис | (Лѕнџ лѕнџ Л) |
| 15. | Видра | (Лутра лутра Л) |
| 16. | Волк | (Цанис лупус Л) |
| 17. | Чакал | (Цанис ауреус Л) |
| 18. | лисица | (Вулпес вулпес Л) |
| 19. | дива мачка | (Фелис силвестрис Сцхреб) |
| 20. | куна златка | (Мартес мартес Л) |
| 21. | куна белка | (Мартес фоина Ерхе) |
| 22. | мала ласица | (Мустела нивалис Л) |
| 23. | твор | (Мустела путорис Л) |
| 24. | Јазовец | (Мелес мелес Л) |
| 25. | голема дропла | (Отис тарда Л) |
| 26. | мала дропла-прскач | (Отис тетраџ Л) |
| 27. | Лештарка | (Тетрастес бонасиа Л) |
| 28. | ловен фазан | (Пхасианус сп.) |
| 29. | полска еребица | (Периџ пердиџ Л) |
| 30. | еребица камењарка | (Алецторис граеца Меиснер) |
| 31. | потополошка-препелица | (Цонтуриџ цонтуриџ Л) |
| 32. | гулаб-гривнеж | (Цолумба палумбус Л) |
| 33. | гулаб-дупкар | (Цолумба оенас Л) |
| 34. | див гулаб или гулаб пештерник | (Цолубма ливиа Гм) |
| 35. | грлица | (Стрептопелиа туртур Л) |
| 36. | Гугутка | (Стрептопелиа децаоцто Фрив.) |
| 37. | шумска шлука | (Сцолпаџ рустицола Л) |
| 38. | ритска или барска шлука | (Галлинаго галлинаго Л) |

| | | |
|---|---|---|
| 39. | шлука ливадарка или голем бекасин | (Галлинаго медиа-Латхам) |
| 40. | мал бекасин | ( Лsмноцрsптес минимус и Брунн) |
| 41. | дива гуска | (Ансер ансер-Л) |
| 42. | белочелна лисеста гуска | (Ансер албифронс-Сцоп.) |
| 43. | мала белочелна гуска | (Ансер ерsтхропус Л) |
| 44. | гуска глоговница | (Ансер Фабалис латх) |
| 45. | морска утва | (Тадорна тадорна Л) |
| 46. | дива пајка или пајка глуварка | (Анас платsрхsнцхос-Л) |
| 47. | берија или крѓа | (Анас црецца-Л) |
| 48. | пајка-ластарка или калкурук | (Анас ацута-Л) |
| 49. | пајка пупчаница | (Анас гуергуедула Л) |
| 50. | пајка-њорка | (Аsтхsа фулигула Л) |
| 51. | црвеноглава њорка или алмабаш | (Аsтхsа ферина Л) |
| 52. | цуцулеста њорка | (Аsтхsа фелигула Л) |
| 53. | пајка-лажичарка | (Анас цлsпеата Л) |
| 54. | жолтоклун лебед или лебед пејач | (Цsгнус цsгнус Л) |
| 55. | нем лебед | (Цsгнус олор-Гмел) |
| 56. | Прдавец | (Цреџ цреџ Л) |
| 57. | Лиска | (Фулица атра Л) |
| 58. | бел штрк | (Цицониа цицониа Л) |
| 59. | црн штрк | (Цицониа нигра Л) |
| 60. | блескав или црн ибис | (Плегадис фалцинеллус Л) |
| 61. | пепелава чапја | (Ардеа цинереа Л) |
| 62. | црвена чапја | (Ардеа пурпуреа Л) |
| 63. | бела чапја | (Егретта алба Л) |
| 64. | мала бела чапја или сребреникава чапја | (Егретта гарзетта Л) |

| | | |
|---|---|---|
| 65. | жолта чапја | (Ардеола раллоидес Сцоп) |
| 66. | ноќна чапја или гаќ | (Hsцтицораџ hsцтицораџ.Л.) |
| 67. | мал воден бик или мало чапјиче | (Иџобрsцхус минутус .Л.) |
| 68. | воден бик или букаец | (Ботаурус стелларис.Л.) |
| 69. | розов пеликан | (Пелецанус оноцроталус Л) |
| 70. | кадрав пеликан | (Пелецанус цриспус Бруцк) |
| 71. | голем корморан | (Пхалацроцораџ царбо-Л) |
| 72. | мал корморан | (Пхалацроцораџ пsгмеус-Палл) |
| 73. | голем нуркач | (Подицепџс цристатус Л) |
| 74. | обичен нуркач | (Подицепџс грисеигна Бодд) |
| 75. | мал нуркач | (Тацхsбаптус руффицолллис Палл) |
| 76. | сив жерав | (Грус грус) |
| 77. | обичен галеб | (Ларус ридибундус) |
| 78. | мал галеб | (Ларус минутус Палл) |
| 79. | блатно коковче | (Раллуус агуатицус Л) |
| 80. | зелено коковче | (Галлинула цхлоропус Л) |
| 81. | Калуѓерка | (Ванеллус ванеллус Л) |
| 82. | Чурулин | (Бурхинус дедицнемус Л) |
| 83. | сив сокол | (Фалцо перегринус Тунст Л) |
| 84. | сокол остриж | (Фалцо суббутео Л) |
| 85. | ветрушка црнонокта | (Фалцо тиннуцулус Л) |
| 86. | белонокта ветрушка | (Фалцо науманни Флеисцх) |
| 87. | црвеноногa ветрушка | (Фалцо веспертинус Л) |

| | | |
|---|---|---|
| 88. | јастреб-кокошкар | (Ацципитер гентилис Л) |
| 89. | јастреб врапчар | (Ацципитер нисус Л) |
| 90. | обичен глувчар | (Бутео бутео Л) |
| 91. | гакест глувчар | (Бутео лагопус Брунн) |
| 92. | глувчар осаш | (Перниус апиворис Л) |
| 93. | еја мочуришна | (Цирцус аерогиносус Л) |
| 94. | еја ливадарка | (Цирцус пигаргус Л) |
| 95. | еја полска | (Цирцус цѕанеус Л) |
| 96. | луња ридеста | (Милвус милвус Л) |
| 97. | луња црна | (Милвус мигранс Бодд) |
| 98. | сур орел | (Агуила цхрѕсаетос Л) |
| 99. | орел крстач или орел зајачар | (Агуила хелиаца Сав.) |
| 100. | орел клокташ | (Агуила цланга Палл) |
| 101. | џуџест орел | (Хиерааетус пеннатус Гм) |
| 102. | орел рибар | (Пандион халиаетус Л) |
| 103. | белоопашест орел | (Халиааецтус албицилла Л) |
| 104. | орел змијар | (Цирцаетус галлицус Гм) |
| 105. | бел мршојадец | (Неопхрон перцноптерус Л) |
| 106. | белоглав мршојадец | (Гѕпс филвус Хаби) |
| 107. | црн мршојадец | (Аегѕпиус мојнацхус Л) |
| 108. | брадест (жолтоглав)мршојадец | (Гѕпаетус барбатус Л) |
| 109. | голем ушест був | (Бубо бубо Л) |
| 110. | шумски ушест був | (Асио отус Л) |
| 111. | мочуришен був | (Асио фламмеус Понт) |
| 112. | ќук-градинарски | (Отус сцопс Л) |
| 113. | кукумјавка | (Атхене ноцтуа. Сцоп.) |

| | | |
|---|---|---|
| 114. | шумски був | (Стриџ алуцо. Л) |
| 115. | забулена утка | (Tsто алба .Сцоп) |
| 116. | Гавран | (Цорвус цораџ. Л) |
| 117. | црна врана | (Цорвус цороне цороне Л) |
| 118. | врана гачец | (Цорвус фругилегус Л) |
| 119. | сива пепелава врана или гарга | (Цорвус цороне цорниџ Л) |
| 120. | чавка | (Цолоеус монедула Л) |
| 121. | Страчка | (Пица пица Л) |
| 122. | Сојка | (Гаррулус гландариус Л) |
| 123. | модра чавка | (Цорациас гаррулус Л) |
| 124. | црвеноклуна галица | (Пsрроцораџ пsрроцораџ Л) |
| 125. | галица чолица | (Пsрроцораџ грацулус Л) |
| 126. | сариасма златна | (Ориолус ориолус Л) |
| 127. | Сколовранец | (Струрнус вулгарис Л) |

**Член 5**

Дивечот се одгледува, размножува, заштитува, лови и користи во ловишта според ловностопанска основа.
Ловиште во смисла на став 1 од овој член е одредена површина на земјиште и води што претставува природна целина и во која постојат услови за траен опстанок, одгледување, размножување, заштитување, ловење и користење на дивеч.

**Член 6**

Дивечот во ловиште се дава на користење со одобрение (концесија) на домашни правни лица и ловечки друштва (корисник на дивечот во ловиштето) на начин и под услови утврдени со овој закон.
Корисниците на дивечот во ловиштето може да се здружуваат во ловечки сојуз и други форми на здружување.

**Член 7**

Корисниците на дивечот во ловиштата, одговараат за штетата што ќе ја причини дивечот под заштита, а лицата кои ловат и нивните помагачи одговараат за штетата што сами ќе ја причинат.
За штетата причинета врз дивечот под заштита одговара сторителот кој ја причинил штетата.

**Член 8**

Сите правни и физички лица корисници на земјиште и води во ловиште или надвор од него се должни да го заштитуваат дивечот под заштита.

## II. ОДГЛЕДУВАЊЕ, РАЗМНОЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧ

**Член 9**

Одгледувањето, размножувањето и заштитата на дивечот опфаќаат:
1. Обезбедување на услови за одгледување и заштита на дивечот;
2. Одржување на нормална бројна состојба на дивечот според капацитетот на ловиштето;
3. Создавање на ремизи во ловиштето за размножување, заштита и прехрана на дивечот под заштита;
4. Преземање на превентивни и други мерки за заштита на дивечот од болести и елементарни непогоди:
5. Одржување на бројот на дивечот без заштита во обем кој не претставува опасност за дивечот под заштита;
6. Отстранување на кучиња и мачки скитници;
7. Обезбедување на храна, мир и вода за дивечот;
8. Одредување и спроведување на ловостој, привремена и трајна забрана за ловење на одредени видови дивеч;
9. Подигање и одржување на ловно-технички и други објекти во ловиштето;
10. Вршење на лов со расни кучиња (педигрирани);
11.Користење на соодветни средства за ловење;

**Чување на дивечот во ловиштето.**

**Член 10**

За развој и унапредување на ловството како и за обезбедување на природната рамнотежа на дивечот во ловиштата по потреба Владата на Република Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, прогласува репроцентри.

Репроцентри се прогласуваат во ловиште или на дел од ловиште и имаат статус на државно ловиште.

Репроцентрите исклучиво служат за размножување, одгледување и заштита на одделни видови дивеч, а со цел за збогатување на ловиштата со атрактивен или проретчен дивеч.

Правата и обврските меѓу корисникот на дивечот во ловиштето или дел од него, кое се прогласува за репроцентар и Владата на Република Македонија се уредуваат со договор со кој дивечот во ловиштето е даден на користење, односно управување, согласно со член 31 и член 36 од овој закон.

Средства за репроцентрите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од правни и физички лица (донатори).

**Член 11**

Внесување нови неавтохтони видови дивеч во ловиште, може да се врши врз основа на одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно доставена стручна документација од научна институција што ја определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 12**

Дивечот од член 4 на овој закон е дивеч под заштита и дивеч без заштита.
Дивеч под заштита е: обичен елен, елен лопатар, срна, дивокоза, муфлон, мечка, дива свиња, див зајак, верверица, рис, видра, чакал, голема дропла, мала дропла, лештарка, ловен фазан, полска еребица, еребица камењарка, препелица (потполошка), гулаб (гривнеш, дупкар и пештерник), грлица, гугутка, шлука (шумска и барска), бекасин (голем и мал), гуска (дива, бело-челна лисеста, мала белочелна и глоговница), морска утва, пајка (глувара, берија или крга, ластарка, пупчаница и лажичарка), пајка нурка (црвеноглава и цуцулеста), жолтоклун лебед, нем лебед, прдавец, лиска, бел штрк, црн штрк, блескав или црн ибис, чапја (црвена, бела, мала бела, жолта и ноќна), мал воден бик или мало чапјиче, воден бик, розов, пеликан, кадрав пеликан, нуркач (голем, обичен и мал), сив жерав, обичен галеб, мал галеб, блатно коковче, зелено коковче, калуѓерка, чурулин, сив сокол, сокол остриж, ветрушка (белонокта и црвенонога), јастреб врапчар, обичен глувчар, гаќест глувчар, глувчар осаш, еја (мочуришна, ливадарка и полска), луња (рѓеста и црна), сур орел, орел крстач, орел клокташ, цуцест орел, орел рибар, белоопашест орел, орел змијар, бел мршојадец, белоглав мршојадец, црн мршојадец, брадест мршојадец, голем ушест був, шумски ушест був, мочуришен був, ќук, кукумјавка, шумски був, забулена утка, гавран, модра чавка, црвеноклуна галица, галица челица, златна сариасма, полв, стоболка, еж, мал корморан, црна врана и сојка.
Дивеч без заштнта е: бизамски глушец, волк, лисица, дива мачка, куна златка, куна белка, мала ласица, твор, јазовец, пепелава чапја, голем корморан, јастреб кокошкар, врана гачец, пепелава врана, чавка, страчка и сколовранец.

**Член 13**

За дивечот под заштита се утврдува ловостој, привремена и трајна забрана за ловење.
За време на ловостој, привремена и трајна забрана за ловење, дивечот под заштита не смее да се лови, прогонува или вознемирува, доколку со овој закон поинаку не е определено.

**Член 14**

Ловостој се утврдува за:
- обичен елен од 1 февруари до 31 август
- еленка-кошута од 1 јануари до 31 октомври
- елен лопатар од 1 февруари до 15 септември
- кошута еленка лопатар од 1 јануари до 31 октомври

- муфлон машки од 1 февруари до 15 септември
- муфлон женски од 1 февруари до 30 септември
- дивокоза од 1 јануари до 30 септември
- дивојарец од 1 јануари до 31 јули
- дива свиња од 1 февруари до 30 септември
- див зајак, полска еребица, еребица камењарка, лештарка од 15 декември до 10 октомври
- ловен фазан од 1 јануари до 30 септември
- потполошка, гулаб (гривнеж, дупкар и пештерник), грлица, гугутка, шљука (шумска и барска), голем и мал бекасин, гуска (белочелна лисеста, мала белочелна и глоговница), пајак (глувара, берија, ластарка и пупчаница), црвеноглава и цуцулеста њорка, лајка њорка и лиска од 1 март до 31 јули.

Ловостојот од став 1 на овој член не се однесува на машките видови дивеч и тоа: обичен елен, елен лопатар, муфлон и нерез, доколку истиот се одгледува во оградени простории за интензивно одгледување и застрел на дивеч.

### Член 15

Трајно се забранува ловење на: мечка, срна, рис, видра, чакал, верверица, голема и мала дропла, дива гуска, морска утва, пајка лажичарка, жолтоклун лебед, нем лебед, прдавец, бел штрк, црн штрк, блескав или црн ибис, чапља (црвена, бела, мала бела, жолта и нокна), мал воден бик, воден бик, розов пеликан, кадрав пеликан, нуркач (голем, обичен и мал), сив жерав, обичен галеб, мал галеб, блатно коковче, зелено коковче, калуѓерка, чурулин, сив сокол, сокол остриж, ветрушка (белонокта, црнонокта и црвеновога), јастреб врапчар, обичен глувчар, гакест глувчар, глувчар осаш, еја (мочуришна, ливадарка и полска), луња (рѓаста и црна), сур орел, орел крстач, орел клокташ, џуџест орел, орел рибар, белоопашест орел, орел змијар, бел мршојадец, белоглав мршојадец, црн мршојадец, брадест- мршојадец, голем ушест був, шумски був, мочуришен був, кук, кукумјавка, шумски був, забулена утка, гавран, модра чавка, црвеноклува галица, галица чолица, златна сариасма, стоболка, мал корморан, црна врана, полв, еж и сојка.

### Член 16

Забрането е уништување и присвојувањее на младенчиња, уништување и расипување на легла, гнезда или јајца од дивеч под заштита.

### Член 17

За потребите на науката, наставата, зоолошките градини, природнонаучните музеи за одгледувачки цели и за спречување на заразни болести, може да се одобри ловење на дивеч за време на привремена и трајна забрана како и за време на ловостој, како и вршење на дејствијата од член 16 на овој закон, по претходно одобрение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со одобрението од став 1 на овој член се определува и начинот на вршење на ловењето.

**Член 18**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е овластен да:

1. Го продолжи времето дозволено за лов на дивечот под заштита доколку тој е пренамножен и го загрозува имотот на корисникот на земјиштето и водите на кои е установено ловиштето како и на околните земјишта и води, по претходно мислење од републичкиот орган на управата, надлежен за работите за заштита на животната средина;
2. Го скрати или измени времето за лов на одредени видови дивеч под заштита на одредено време, заради заштита на нејзината бројна состојба, заштита по здравјето на луѓето, добитокот, појави на заразни болести, хемиско и радиолошко загадување;
3. Привремено забрани ловење во одредено подрачје или во целата земја на редок или пророден дивеч под заштита;
4. Дозволи лов на трајно заштитена дивеч, ако прави штети во ловиштето или на корисникот односно сопственикот на земјиштето и водите, по претходно мислење од републичкиот орган на управата надлежен за работите за заштита на животната средина;
5. Дозволи лов на пренесувачи на зараза во секое време и на секое место за дивеч под заштита;
6. Забрани преземање одредени дејствија на површини, штетни за одгледување, размножување и привремено населување на одделни видови дивеч по претходно мислење од републичкиот орган на управата надлежен за работите за заштита на животната средина.

**Член 19**

За уништен штетен дивеч без заштита се доделува парична награда. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го утврдува видот на штетниот дивеч и висината на паричната награда.

Средствата за наградата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Член 20**

Дивечот без заштита може да се лови доколку не се загрозува неговиот траен опстанок.

За ловење на дивеч без заштита корисникот на дивечот во ловиштето е должен да води евиденција.

**Член 21**

Забрането е ловење, уништување на гнезда, собирање, присвојување и уништување на младенчиња и јајца на птици кои не претставуваат дивеч во смисла на овој закон, а се корисни за земјоделството и шумарството.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги определува видовите птици кои се корисни за земјоделство и шумарство.

**Член 22**

Забрането е движење на лица со пушка и друга средства за лов во ловиштето, без дозвола за ловење од корисникот на дивечот во ловиштето.

**Член 23**

Корисникот на дивечот во ловиштето е должен наизменично да забранува ловење две години едно по друго, најмалку на една четвртина од вкупната површина на ловиштето.

**Член 24**

Правните или физичките лица кои употребуваат средства за заштита на растенијата или други хемиски средства, се должни да го известат корисникот на дивечот во ловиштето, најмалку 48 часа пред употребата со укажување, за последиците согласно со упатството за употреба на препаратот.

**Член 25**

Забрането е палено на стрништа, плевел и други растителни отпадоци во ловиште.

**Член 26**

Имателот на овчарското куче не смее да дозволи движење на кучето во ловиштето, подалеку од 200 м од стадото.

Имателот на куче или мачка не смее да ги пушта да се движат низ ловиштето без придружба на далечина поголема од 300 м од живеалиштето на сопственикот.

Корисникот на дивечот во ловиштето има право во случаите спротивни на ставовите 1 и 2 од овој член да ги уништи кучињата и мачките скитници во ловиштето без надоместок на сопственикот.

**Член 27**

Корисникот на дивечот во ловиштето е должен да организира постојана ловочуварска служба.

Ловочувар може да биде лице со завршено најмалку средно образование од шумарска, биолошка, ветеринарна и сточарска насока и да ги исполнува условите за носење оружје.

**Член 28**

Ловочуварот службата ја врши во униформа и вооружен со соодветно оружје.

Ловочуварот има легитимација што ја издава корисникот на дивечот во ловиштето.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблизок пропис за униформата, образецот на легитимацијата и видот на оружјето.

**Член 29**

Ловочуварот во вршењето на својата работа е овластен да:

1. Го утврди идентитетот на секое лице кое лови дивеч или се движи низ ловиштето со средства за ловење;

2. Врши преглед на уловот и документацијата што го придружува во ловиштето;
3. Врши преглед на сите видови возила и товари во ловиштето со кои може да се превезува или пренесува уловот, односно трофејот, како и местата каде што може да се чува уловот или трофејот;
4. Привремено ги одзема средствата употребени или наменети за лов, уловената дивеч или нејзини делови, ако ловењето или движењето во ловиштето е извршено спротивно на одредбите на овој закон;
5. Го спречува уништувањето и присвојувањето на дивечот и неговите младенчиња како и уништувањето и расипувањето на неговите гнезда, седела и јајца, спротивно на овој закон;
6. Го спречува ловењето на дивеч на недозволен начин и со недозволени средства;
7. Ја пријави ранетата или болната дивеч на корисникот на дивечот во ловиштето;
8. Го извести корисникот на дивечот во ловиштето и ветеринарната служба за појави на болести и угинување на дивечот и други животни, како и за непосредна опасност по дивечот од појави на елементарни непогоди (поплави, големи снегови, пожари и слично).
Лицата затекнати во ловиштето се должни на ловочуварот да му овозможат извршување на неговите овластувања и да му ги дадат потребните податоци.

## III.ЛОВИШТА

**Член 30**

Ловиште установува Владата на Република Македонија во согласност со Просторниот план на Република Македонија.
Владата на Република Македонија определува и државни ловишта.
Со установувањето на ловиштето се одредуваат неговите граници, површината, намената, категоријата, бонитетот и капацитетот.
Во зависност од видот на дивечот што живее или што може да се одгледува, ловиштата можат да бидат наменети за одгледување крупен и ситен дивеч.

**Член 31**

Државните ловишта од член 30 став 2 на овој закон, Владата ги дава на управување на определено правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на шумарството, ловството, или заштитата на животната средина.

**Член 32**

Површината на установувањето ловиште во зависност од видот на дивечот што ќе се одгледува не може да биде:
-помала од 1000 ха, ниту поголема од 10 000 ха за ситен дивеч;
-помала од 2000 ха, ниту поголема од 25 000 ха за крупен дивеч.

**Член 33**

Со површината на ловиштето не може да се опфатат населбите, повеќегодишни овошни и лозови насади, градежните земјишта, гробиштата, јавните патишта, железничките пруги, аеродромите, воените објекти, водните акумулации, рибниците, одредени природни простори прогласени како заштитни национални паркови, зоолошките и орнитолошките резервати.

**Член 34**

Ловиштата можат да бидат: отворени и оградени. Отвореното ловиште е ловиште во кое е овозможено непречено движење на дивечот од едно ловиште во друго.

Оградено ловиште е ловиште кое е оградено со природни или вештачки препреки (широки водотеци, езерски површини, високи планински сртови и огради), кои ја спречуваат или намалуваат можноста дивечот да ја напушти таа површина.

**Член 35**

Во ловиштата може да се огради посебен простор не поголем од 150 ха за одгледување, размножување и заштита на дивечот (размножувалишта), како и простор за интензивно одгледување и застрел на дивеч чија големина не може да биде помала од 200 ха.

## IV.КОНЦЕСИЈА

**Член 36**

Дивечот во ловиштата на користење со одобрение (концесија) го дава Владата на Република Македонија на домашно и странско правно лице и ловечко друштво (корисник на дивечот во ловиштето) кое ги исполнува условите предвидени со овој закон.

Дивечот во ловиштето се дава на користење за време од 10 до 20 години.

Корисникот на дивечот во ловиштето е должен дивечот да го одгледува, размножува и заштитува согласно со одредбите на овој закон.

**Член 37**

Корисник на дивеч во ловиште може да биде правното лице и ловечкото друштво кое ги исполнува следните услови:

1. Да е регистрирано за вршење дејност ловство;
2. Да има материјално-технички можности за вршење на дејноста ловство;
3. Да понуди програма за развојни можности на дивечот под заштита во ловиштето;
4. Да има вработено стручно лице со завршено високо или средно образование од шумарска струка со положен испит ловство.

**Член 38**

Давањето на дивечот во ловиштето на користење со одобрение (концесија) се врши по пат на јавен конкурс.

Јавниот конкурс ќе трае 30 дена од денот на распишувањето.
При еднакви услови, предност има правното лице кое во последните три години вршело дејност ловство.

**Член 39**

Ако на објавениот конкурс не се јави заинтересиран субјект, дивечот во ловиштето се дава на користење по пат на понуда.
Ако користењето на дивечот во ловиштето не се договори и по пат на понуда, Владата на Република Македонија привремено ќе го даде со присилна концесија на јавно претпријатие од обласа на шумарството и заштитата на животната средина.
Ако дивечот во ловиштето се даде на користење со присилна концесија, начинот на обезбедување на средства се утврдува со договор.

**Член 40**

Како почеток на концесијата се смета рокот утврден во Одлуката на Владата на Република Македонија за давање на дивечот во ловиштето со концесија.
Меѓусебните права и обврски на Владата на Република Македонија и субјектите од член 36 став 1 на овој закон на кои дивечот во ловиштето ќе им се даде на користење, се утврдуваат со договорот.

**Член 41**

За користење на дивечот во ловиштето корисникот плаќа годишен надомест.
Надоместот од став 1 на овој член се утврдува во висина од 20% од вредноста на планираниот годишен застрел на дивечот согласно со посебната ловностопанска основа, а се плаќа до 30 јуни за тековната година.
Вредноста на дивечот од став 2 на овој член по видови ја утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 42**

Надзор над спроведувањето на договорот за користење на дивечот во ловиштето врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 43**

Владата на Република Македонија може да го раскине договорот за концесија на дивечот во ловиштето и пред истекувањето на времето за концесија, ако корисникот на ловиштето:
1. Не ги исполнува обврските утврдени во договорот од член 40 став 2 на овој закон;
2. Одгледува, заштитува, лови и користи дивеч спротивно на посебната ловностопанска основа.

## V.ЛОВНОСТОПАНСКИ ОСНОВИ

**Член 44**

Одгледувањето, размножувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот се врши според општи и посебни ловностопански основи.

**Член 45**

Општата ловностопанска основа се усогласува со Просторниот план на Република Македонија, а ја донесува Владата на Република Македонија.
Посебните ловностопански основи ги донесува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за секое ловиште посебно.

**Член 46**

Важноста на општата ловностопанска основа е 20 години, а на посебните ловностопански основи 10 години.

**Член 47**

Општата ловностопанска основа се донесува за целата територија на Републиката и содржи: климатски, орографски, педолошки и друга услови, можности за развој на дивечот, евиденција и основни карактеристики на установените ловишта, бројна состојба на заштитените видови дивеч, мерки и насоки за унапредување на дивечот во Републиката и друго.
Посебната ловностопанска основа содржи податоци за: постојната состојба и можниот капацитет за одгледување на дивеч во ловиштето, вид и обем на работите, бројна состојба на дивечот и временскиот период за постигнување нормална бројна состојба во ловиштето, користење на дивечот и планирање на застрелот, како и економско-финансиска основа за користење на дивечот во ловиштето.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблизок пропис за содржината на посебната ловностопанска основа.

**Член 48**

Мерките утврдени со посебната ловностопанска основа се задолжителни за корисникот на дивечот во ловиштето.

**Член 49**

Ако во текот на важноста на општата, односно посебната ловностопанска основа настанат одредени промени кои го попречуваат нејзиното спроведување, корисникот на дивечот во ловиштето е должен да престане со работите и да предложи мерки за нејзино изменување и дополнување.

**Член 50**

Корисникот на дивечот во ловиштето е должен да изготви годишен план за спроведување на посебната ловностопанска основа.
Годишниот план од став 1 на овој член се изготвува до 31 декември во тековната за наредната година и се доставува на мислење до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 51**

Корисниците на дивечот во ловиштата се должни извршените работи во ловиштата за претходната година да ги евидентираат во посебната ловностопанска основа најдоцна до 31 март во тековната година.

## VI. ЛОВЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДИВЕЧОТ И НЕГОВИТЕ ДЕЛОВИ

**Член 52**

Ловењето и користењето на дивечот и неговите делови во ловиштето се врши поединечно или групно.

**Член 53**

Под ловење на дивеч се подразбира барање, причекување, набљудување, следење, застрел и фаќање на жив дивеч.

Ловење на дивеч е и собирање на јајца од перјеста дивеч, пцовисана дивеч и нејзини делови, рогови, кожи и друго.

**Член 54**

Под користење на дивеч и неговите делови се подразбира користење на месо, трофеи, рогови, крзно, кожи и друго.

**Член 55**

Забрането е ловење дивеч:

1. На начин и со средства со кои дивечот масовно се уништува;
2. Ноќно време, за време на поплави, големи снегови, непогоди и пожар;
3. Со стапици, мрежи, кафези, кошеви, клопки, вештачки мамци, употреба на рефлектори, лепила, омамливи средства или со затруена храна;
4. Со автоматска пушка или со полуавтоматска пушка;
5. Со неловечка муниција;
6. Со отров;
7. Газење на дивеч со возила и ловење на дивеч со чамци на моторен погон.

**Член 56**

Ловење, односно застрел на дивеч се врши со ловечка пушка со сачма или со ловечки карабин.

По исклучок може да се врши ловење, односно застрел на дивеч со лак и стрела, по претходно одобрение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Застрел на обичен елен, елен лопатар, мечка, срна, дивокоза и муфлон се врши само со ловечки карабин.

**Член 57**

За ловење можат да се користат ловечки кучиња кои се регистрирани кај надлежната кинолошка или ловечка организација во земјата или странство.

Корисникот на дивечот во ловиштето во кое се лови двопапкарска дивеч треба да има ловечко куче - крвоследник.

**Член 58**

Дивеч може да се лови со претходна дозвола на корисникот на дивечот во ловиштето.

Дозвола за ловење на дивеч може да се издаде на лице кое има положено ловечки испит и кое претходните две години не е казнето според одредбите на овој закон.

Дозвола за ловење на дивеч може да се издаде на странски државјанин ако поседува соодветен документ за лов, издаден во неговата држава.

Дозволата е документ кој го содржи времето за нејзината важност, видот и бројот на дивечот дозволен за ловење и обврските на ловецот за време на ловењето и по извршеното ловење.

**Член 59**

Ловечкиот испит од членот 58 став 2 на овој закон се полага пред стручна комисија што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Комисијата ја сочинуваат пет членови во која по еден член предлагаат Министерството за внатрешни работи и Ловечкиот сојуз на Македонија.

Полагањето на ловечкиот испит се врши врз основа на програма што ја донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Трошоците на стручната комисија од став 1 на овој член се на товар на кандидатот.

**Член 60**

Ловочувар, чувар на шуми, полски чувар и работници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, не смеат да вршат ловење на дивеч во време на службена должност.

**Член 61**

Трофеите од дивеч се оценуваат и за нив се издава трофеен лист.

Оценувањето на трофеите од дивеч го врши корисникот на дивечот во ловиштето. За републички или меѓународни изложби, оценувањето на трофеите го врши стручна комисија што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 62**

Забрането е изнесување на трофеи од дивеч од ловиште без трофеен лист.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблизок пропис за содржината на трофејниот лист.

**Член 63**

Забрането е изнесување и отуѓување на врвни трофеи од дивеч од Република Македонија.

Врвен трофеј од дивеч се смета трофеј со поголем број на бодови од евидентираниот најјак трофеј (првак) за поодделни видови дивеч во Република Македонија.
Врвните трофеи од дивеч првенствено се нудат за откуп на Република Македонија, а откупот го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Откупените врвни трофеи од дивеч Република Македонија ги чува во Природнонаучниот музеј.
По исклучок од став 1 на овој член, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да дозволи отуѓување на врвни трофеи во странство, ако истите не ги откупи Република Македонија.

**Член 64**

Лица кои извршиле застрел на дивеч, дивечот и трофеите од дивеч се должни да ги пријават на корисникот на дивечот во ловиштето.
За присвојување на уловена-застрелана дивеч и за трофеи од дивеч се плаќа надомест според ценовник определен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 65**

Правните лица кои вршат продажба, промет или преработка на дивеч или негови делови, се должни да поседуваат документ за потеклото на дивечот што го издава корисникот на дивечот во ловиштето.

## VII.ШТЕТА ОД ДИВЕЧ И НА ДИВЕЧ

### 1. Штета од дивеч

**Член 66**

Под штета од дивеч се подразбира штетата што дивечот може да ја направи врз земјоделските култури, водите, добитокот, шумите, дивечот, луѓето и друго.

**Член 67**

Корисникот на дивечот во ловиштето презема мерки за спречување на штетите од дивеч. Под мерки за спречување на штети од дивеч се сметаат: смалување на бројната состојба на дивечот до оној број кој може да се одгледува во ловиштето, обезбедување храна и вода за дивечот во ловиштето, чување на дивечот во ловиштето, протерување на дивечот од загрозеното земјиште и води, употреба на механички и хемиски заштитни средства, видни и звучни плашилки и друго.

**Член 68**

Во ловиштето во кое е прогласена заразна болест или може да се очекува нејзина појава, корисникот на дивечот во ловиштето е должен да презема мерки за сузбивање и спречување на понатамошно ширење на заразната болест на дивечот, согласно со прописите за ветеринарство.

**Член 69**

За штети што ќе ги причини дивечот под заштита за кој се утврдува ловостој, одговорен е корисникот на дивечот во ловиштето.
Штетата што ќе ја причини дивечот за кој е пропишана трајна или привремена забрана на ловење ја надоместува Република Македонија.

**Член 70**

Ако корисникот на дивечот во ловиштето за одделен вид незаштитена дивеч пропише посебни услови за ловење, со кои се ограничува ловиштето, одговара за причинетата штета од тој дивеч.

**2. Штети на дивеч**

**Член 71**

Правни и физички лица кои ќе нанесат штета на дивечот со бесправен лов или на друг начин, се должни штетата да му ја надоместат на корисникот на дивечот во ловиштето.
Висината на надоместот на штетата од став 1 на овој член се утврдува според ценовник што го донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 72**

Споровите за надомест на штета причинета од дивеч и на дивеч, како и за штета во ловиште, се решаваат според општите прописи за надомест на штета.

## VIII.НАДЗОР

**Член 73**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него, врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Работите на инспекцискиот надзор ги вршат ловни инспектори.

**Член 74**

Ловен инспектор може да биде лице со стручна спрема од ВИИ/1 степен на образование од шумарска струка или друга струка од ВИИ/2 степен на образование од областа на ловството со работно искуство од најмалку 4 години.
Ловен инспектор има легитимација што ја издава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе донесе поблизок пропис за образецот на легитимацијата од став 2 на овој член.

**Член 75**

Во вршењето на работите ловниот инспектор е овластен:

1. Да го контролира спроведувањето на ловностопанските основи и годишните планови, да врши увид во општите акти на корисникот на дивечот во ловиштето, деловните книги, пропишаната евиденција и документација која се однесува за дивечот и негови делови, како и други документи заради контрола на примената на прописите кои се однесуваат за дивечот и ловиштето;
2.Да ги прегледува ловиштата и објектите за одгледување, заштита и користење на дивечот;
3.Привремено да го запре ловењето на дивеч и други дејствија, ако тие не се во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него, до конечната одлука на надлежниот орган;
4.Да врши контрола во соработка со ветеринарниот инспектор кај правни и физички лица кои вршат промет на дивечот или делови од дивеч, препарирање на дивеч, обработка на кожи, крзно и трофеи од дивеч и да утврди на кој начин истиот е уловен;
5. Привремено да го одзема бесправно уловениот, присвоениот, загинатиот дивеч или негови делови и други присвоени производи од ловиштето, како и предметите со кои се извршени овие бесправни дејствија;
6.Да предложи привремени мерки за спречување на штетите од интерес за Република Македонија;
7.Да ги известува надлежните органи за забележани неправилности и да бара нивна интервенција, ако тој не е овластен самиот да интервенира;
8.Да бара потребни известувања од одговорни лица, сведоци, вештаци, и други лица кога тоа е потребно;
9.Да предлага мерки за заштита на животната и природната рамнотежа во ловиштето и
10.Да презема и други мерки за кои по овој закон е овластен;
За мерките од став 1 на овој член ловниот инспектор донесува решенија.
Корисниците на дивечот во ловиштето, другите правни и физички лица чија работа подлежи на надзор, се должни на ловниот инспектор да му овозможат вршење на надзор и да му ги дадат потребните податоци и известувања.

**Член 76**

Жалбата против решението од член 75 став 2 на овој закон може да се изјави до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Изјавената жалба од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се отстранат.

## IX.КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 77**

Со парична казна од 50 до 120 плати ќе се казни за стопански престап корисникот на дивечот во ловиштето, или друго правно лице ако:

1. Лови, прогонува или вознемирува дивеч под заштита за време на ловостој, привремена или трајна забрана за ловење (член 13 став 2, член 14 став 1 и член 15 став 1);
2. Наизменично не забранува ловење на една четвртина од вкупната површина на ловиштето (член 23);
3. Во ловиште пали стрништа, плевел или други растителни отпадоци (член 25);
4. Лови дивеч на забранет начни или со забранети средства (член 55 став 1 точки 1,2,3 и 6);
5. Не изврши оценување на трофејот од дивеч, или не издаде трофеен лист (член 61 став 1);
6. Изнесува трофеи од дивеч од ловиште без трофеен лист (член 62 став 1);
7. Изнесува или отуѓува врвни трофеи од дивеч од Република Македонија (член 63 став 1);
8. Не презема мерки за спречување на штети од дивеч (член 67);
9. Не презема мерки за сузбивање и спречување на ширење на заразна болест (член 68).

За стопански престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на корисникот на дивечот во ловиштето, или во друго правно лице со парична казна од пет до десет плати. За сторен стопански престап од став 1 точки 1, 4, 6 и 7 на овој член, ќе се изрече и заштитна мерка одземање на уловот, односно трофејот, како и средствата и предметите употребени за извршување на стопанскиот престап. За сторен стопански престап од став 1 точки 1,4,7 и 8 на овој член, на одговорното лице на корисникот на дивеч во ловиштето ќе му се изрече и заштитна мерка забрана на вршење одговорни работа и задачи во ловството, во времетраење од 3 до 5 години.

**Член 78**

Со парична казна од пет до петнаесет плати ќе се казни за прекршок корисникот на дивечот во ловиштето, или друго правно лице ако:
1. Корисниците на земјиштето и водите не го заштитуваат дивечот под заштита во ловиште или надвор од него (член 8);
2. Внесува нови неавтохтони видови дивеч во ловиште без одобрение (член 11);
3. Лови дивеч без одобрение и врши дејствие во ловиштето забрането со членовите 16 и 17 на овој закон;
4. Не води евиденција за ловење на дивеч без заштита (член 20 став 2);
5. Врши дејствие во ловиштето забрането со член 21 од овој закон;
6. Користи средства за заштита на растенија спротивно на упатството за употреба (член 24);
7. Не организира ловочуварска служба или за ловочувар постави лице кое не ги исполнува условите од член 27;
8. Дозволи ловочуварот да ја врши службата без униформа, или без оружје или без легитимација (член 28);

9. Оградува посебен простор - размножувалиште или простор за интензивно одгледување и застрел на дивеч, спротивно на член 35 од овој закон;
10. Не плати годишен надомест за користење на дивечот во ловиштето или истиот не го плаќа во одредениот рок (член 41 ставови 1 и 2);
11. Не се придржува кон мерките утврдени во посебната ловностопанска основа (член 48);
12. Не изготви годишен план за спроведување на посебната ловностопанска основа или истиот не го изготви во предвидениот рок (член 50 ставови 1 и 2);
13. Не го достави годишниот план на мислење (член 50 став 2);
14. Во посебната ловностопанска основа не ги евидентира извршените работи во ловиштето во предвидениот рок (член 51);
15. Гази дивеч со возило или лови дивеч со чамец на моторен погон (член 55 став 1 точка 7);
16. Лови дивеч со лак и стрела без одобрение (член 56 став 2);
17. Дозволи ловење на дивеч спротивно на одредбите на член 56 став 3;
18. Дозволи ловење на двопапкарска дивеч без куче-крвоследник (член 57 став 2);
19. Издаде дозвола за ловење на лице спротивно на член 58 став 2;
20. Не води евиденција за потеклото на дивечот и неговите делови (член 65 став 1);
21. Не ја надомести штетата причинета од незаштитена дивеч ако пропише посебни услови за ловење (член 70);
22. Бесправно лови и не ја надомести штетата на корисникот на дивечот во ловиштето нанесена на дивечот (член 71 став 1);
23. На ловниот инспектор не му овозможат вршење на надзор или не му ги дадат потребните податоци и известувања (член 75 став 3);
24. Не го извршува решението на ловниот инспектор од член 75 став 2.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни одговорното лице на корисникот на дивечот во ловиштето, или во друго правно лице со парична казна од половина до три плати.

За сторен прекршок од став 1 точки 4, 14, 15 и 21 од овој член, ќе се изрече заштитна мерка одземање на уловот, односно трофејот, како и средствата и предметите употребени за извршување на прекршокот.

**Член 79**

Со парична казна од една петтина до половина плата или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок физичко лице кое:
1. Не го заштитува дивечот под заштита во ловиште или надвор од него на земјиштето и водите кои ги користи (член 8);
2. Внесува нови неавтохтони видови дивеч во ловиште без одобрение (член 11);
3. Лови, прогонува или вознемирува дивеч под заштита за време на ловостој, привремена или трајна забрана за ловење (член 13 став 2 и член 14);
4. Лови одделни видови дивеч без претходно одобрение (член 17);
5. Врши дејствие забрането со член 16;

6. Лови трајно забранет дивеч и дивеч за време на ловостој без претходно одобрение (член 17);
7. Врши дејствие забрането со член 21 став 1;
8. Се движи во ловиштето со пушка или други средства за лов без дозвола за ловење од корисникот на дивечот во ловиштето (член 22);
9. Употребува средства за заштита на растенијата или други хемиски средства спротивно на упатството за употреба (член 24);
10. Пали стрниште, плевел или други растителни отпадоци во ловиште (член 25);
11. Во ловиштето дозволи овчарското куче да се движи подалеку од 200 м од стадото (член 26 став 1);
12. Без придружба пушти да се движат низ ловиштето кучиња и мачки спротивно на член 26 став 2;
13. На ловочуварот му оневозможи вршење на неговите овластувања и не му ги даде потребните податоци (член 29 став 2);
14. Лови дивеч или изврши дејствие спротивно на одредбите од член 55;
15. Лови дивеч со лак и стрела без одобрение или застрелува дивеч спротивно на одредбите на член 56;
16. Лови дивеч со нерегистрирано ловечко куче (член 57 став 1);
17. Лови дивеч без дозвола за ловење (член 58 став 1);
18. Лови дивеч за време на службена должност (член 60);
19. Изнесува трофеи од дивеч од ловиште без трофеен лист (член 62 став 1);
20. Изнесува или отуѓува врвни трофеи од дивеч (член 63 став 1);
21. Не го пријави и не плати надоместок за присвоената, уловената или застреланата дивеч и трофеи од дивеч (член 64);
22. Не ја надомести на корисникот на дивечот во ловиштето нанесената штета на дивечот со бесправен лов (член 71 став 1);
23. На ловниот инспектор му оневозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните известувања и податоци (член 75 став 3).

За сторен прекршок од став 1 точки 3, 4, 5, 6,7,13, 14, 16, 17, 18, 19 и 20 на овој член ќе се изрече и заштитна мерка одземање на уловот, односно трофејот, како и на средствата и предметите употребени за извршување на прекршокот.

За сторен прекршок од став 1 точки 3, 4, 5, 6, 7, 13, 16, 17, 18 и 19 на овој член на физичкото лице ќе му се изрече и заштитна мерка одземање на ловечката дозвола.

**Член 80**

Со парична казна од една петтина до половина плата и заштитна мерка забрана на вршење работи и задачи на ловочувар во траење од шест месеци до една година, ќе се казни за прекршок ловочуварот ако не презема мерки согласно со член 29 став 1 точки 2,3,4 и 8 на овој закон.

## X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 81**

Поблиските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 82**

Владата на Република Македонија, општата ловно-стопанска основа ќе ја донесе во рок од една година, а установувањето на ловиштата согласно со одредбите на овој закон, ќе го изврши во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 83**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство програмата за полагање на ловечки испит, ќе ја донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Обврската за полагање на ловечки испит од член 59 на овој закон, не се однесува на лица со висока или средна стручна спрема кои го изучувале предметот ловство.

**Член 84**

Договорите склучени за стопанисување со ловиштата врз основа на Законот за ловот (Службен весник на СРМ бр. 43/88, 18/89, 26/89, 20/90, 27/90, 17/91 и Службен весник на Република Македонија", број 83/ 92), остануваат во сила до установувањето на ловиштата според одредбите на овој закон.

**Член 85**

До установувањето на ловишта според одредбите на овој закон, користењето на дивечот во ловиштата ќе се врши според важечките ловностопански основи.

**Член 86**

До донесувањето на прописите од член 81 на овој закон ќе се применуваат:

- Правилникот за начинот и условите за исплатување парична награда за уништен волк (Службен весник на СРМ број 39/90);
- Решението за одредување кои птици се сметаат корисни за земјоделството и шумарството (Службен весник на СРМ број 39/90);
- Правилникот за содржината и начинот на водењето катастар на ловиштето (Службен весник на СРМ број 17/90);
- Правилникот за содржината на трофејниот лист (Службен весник на СРМ број 17/90);
- Правилникот за содржината и начинот на изработка на ловностопанската основа (Службен весник на СРМ број 12/91);
- Упатството за образецот на легитимацијата на ловниот инспектор (Службен весник на СРМ" број 15/89).

- Упатството за образецот на легитимацијата на ловочуварот (Службен весник на СРМ број 15/89).

## Член 88

Со денот на влегување во сила на оној закон престанува да важи Законот за ловот (Службен весник на СРМ" број 43/88, 18/89, 26/89, 20/90, 27/90, 17/91 и Службен весник на Република Македонија" број 83/92).